

Добивме информација пред  неколку дена  дека за броење на сандуците за субвенционирање, ветеринарите ќе наплаќаат по 40 ден. Пчеларите и онака не беа задоволни од овогодисното покачување на средствата наменети за субвенции во пчеларството, во однос на останатите гранки во земјоделието, па сега уште и плаќањето за броење на пчелините семејства , кое сметаме дека е скапо.

Како за пример, ветеринарите наплаќаат за ставање маркица и вакцина  100 ден по грло добиток. Овие денови се организираат сите пчеларски здруженија заеднички да се состанат со претставник од министерството за земјоделие.
Се известуваат сите пчелари  да не избрзуваат со пријавување на пчелните семејства додека не се разреши оваа ситуација.

Информира,Нашиот почитуван  соработник

Васко Карадаковски
НЕКТАР- Битола